# З А П И С Н И К
## Од вонредна седница на Советот на општина Василево

Советот на општина Василево одржа вонредна седница на ден 12.04.2016 година (вторник) со пчеток во 15.00 часот во просториите на Домот на културата во Василево.
Седницата ја свика и ја водеше Драги Митев претседател на Советотна општина Василево.

На седницата од оправдани причини не присуствуваа советниците: Катерина Ф. Петревска Сашко Димитриев, Гонца Ангелова,Весна Ризова, Верица Ичева и Душко Атанасов.

На седницата присуствуваше Ванчо Стојанов градоначалник на општина Василево и средствата за јавно информирање.

Претседателот на Советот на општина Василево Драги Митев пред да го предложи дневниот ред за работа на вонредната ја стави на гласење Оправданоста на итноста за свикување на вонредна седница од 9 присутни советници Советот на општина Василево ја усвои со 9 гласа „за“, „против“ и „воздржани“ – нема, при што е констатирано дека оправданоста на итноста за свикување на вонредна седница на Советот на општина Василево е усвоена.

За работа на вонредната седницата беше предложен следниот дневен ред:

### Д Н Е В Е Н Р Е Д

**1.Предлог-Одлука за давање согласност да се аплицира со проектот** „водоводна мрежа и интегрирана мрежа управувана преку далечински мерачи со цел мониторинг на квалитетот на водата и истекувањата на системот за водоснабдување со користење на безжична комуникација во двата погранични региони“ преку **Интерег ИПА Програмата за прекугранична соработка Грција – Македонија 2014-2020“.**

**1.**

По отворената расправа по точката **Предлог-Одлука за давање согласност да се аплицира со проектот** „водоводна мрежа и интегрирана мрежа управувана преку далечински мерачи со цел мониторинг на квалитетот на водата и истекувањата на системот за водоснабдување со користење на безжична комуникација во двата погранични региони“ преку **Интерег ИПА Програмата за прекугранична соработка Грција – Македонија 2014-2020“** градоначалникот Ванчо Стојанов како предлагач на оваа точка даде кратко образложеније за итноста која е свикана оваа вонредна седница. Рече дека се работи за аплицирање на проект од едната страна е општина Василево Република Македонија и од друга страна општина од република Грција. Бидејќи е ограничен рокот за доставување документација во текот на утрешниот дел треба да биде доставена целата документација со кој се надева дека проектот ќе биде прифатен. Износот на проектот е 250.000 евра, целта е да се подобри водоснабдувањето на територијата на опшштина Василево. Проектот е изработен треба да се реконструира комплетно целата прочистителна станица која се наоѓа на местото „Ташли Баир“ кој што снабдува поголем број домаќинства со тоа ќе се подобри квалитетот на водата. Проектот се вика „водоводна мрежа и интегрирана мрежа управувана преку далечински мерачи со цел мониторинг не само што ќе се подобри квалитетот и хлорирање ќе се добие и озонирање на водата бидејќи во изминатиот период имаше одредени проблеми со водоснабдувањето а потоа ќе следува и реконструкција на другата филтер станица со која комплетно територијата на општина Василево треба да добие подобрена чиста санитарна вода за пиење. Утрешниот ден е крајниот рок на документацијата која треба да се достави документацијата до луѓето кој се ангажирани за овој проект.

По затворената расправа точката: **Предлог-Одлука за давање согласност да се аплицира со проектот** „водоводна мрежа и интегрирана мрежа управувана преку далечински мерачи со цел мониторинг на квалитетот на водата и истекувањата на системот за

водоснабдување со користење на безжична комуникација во двата погранични региони“ преку **Интерег ИПА Програмата за прекугранична соработка Грција – Македонија 2014-2020“** беше ставена на гласење од 9 присутни советници Советот на општина Василево ја усвои со 9 гласа „за“, „против“ и „воздржани“ – нема.

По исцрпениот дневен ред претседателот на Советот Драги Митев ја затвори вонредната седница на Советот на општина Василево.

Записничар:
Зора Коларова

Совет на Општина Василево
Претседавач:
Драги Митев